ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Бр.** 02-142/2
**23.03. 2017 год.**

До:
**ЧЛЕНОВИТЕ НА ИСРМ КОИ НЕ ПЛАТИЛЕ ЧЛЕНАРИНА ЗА 2016 година**

Предмет: **Ургенција –последна опомена**
Потсетување за исполнување на обврската за плаќање на членарината за членство во ИСРМ за 2016 година

Почитувани,

Врз основа на член 11 од Статутот на ИСРМ бр. 07-124/2 од 11.02.2004 година, членот на Институтот мора редовно да ја плаќа годишната членарина, а согласно членот 14, Собранието донесува одлука за исклучување на членот ако не се придржува на членот 11 од Статутот. Според член 6 од Правилникот за начинот за определување на висината и плаќањето на членарината бр.07-763/7 од 23.06.2004 година, кога члеанрината не е платена до утврдениот рок во тековната година и после две последователни писмени опомени , Советот му предлага на Собранието на ИСРМ да донесе одлука за исклучување на членот.
Ви доставивме фактура со износ во висина на надоместокот за членарина за 2016 година. **Вашата обврска не беше реализирана до крајниот зададен рок.**
Поради тоа повторно ви ги доставуваме фактурите (во прилог) со износ во висина на надоместокот за членарина за 2016 година. **Ве молиме по втор пат најдоцна до31.03.2017 година да ја регулирате обврската за плаќањето на членарината за членство во ИСРМ за 2016 година**. Во спротивно ќе бидат применети посочените одредби од цитираниот правилник и Статутот.

Со почит,

**ДИРЕКТОР,**
**Љупчо Давчев**

Во прилог:
- Копија од Фактурата

Ул.Кеј Димитар Влахов бр.4 зграда2 кат2, 1000 Скопје
тел./факс: + 389 2 3247 150; + 389 2 3247 151; e-mail: isrm@isrm.gov.mk; http://www.isrm.gov.mk